**20210841306**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 45 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.307/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 април 2021 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ЗА 2021 СО ИНДИКАТИВНО ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 53/21), во членот 1 износот „452.880.000“ се заменува со износот „932.380.000“ и износот „443.000.000“ се заменува со износот „922.500.000“ .

Член 2

Членот 2 се менува и гласи:

„Средствата од член 1 од оваа програма во износ од 452.880.000 денари се утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија во 2021 година, а индикативно средствата во износ од 479.500.000 денари планирани се во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година. Средствата ќе се користат за следните намени според Табелата:

”

| | |
|---|---|
| **1. Активности преку Министерство за локална самоуправа за 2021 година** | |
| 1.1 Расходи за финансирање на активностите и задачите на центрите за развој на планските региони за тековната година | **9.880.000** |
| **2. Активности преку Бирото за регионален развој за 2021 година** | |
| 2.1 Активности за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност | **88.600.000** |
| **3. Активности преку Бирото за регионален развој за 2021 година и Индикативни износи за планирани активности за 2022 година** | |
| 3.1 Неповратно учество во финансирање на проекти за развој на планските региони | **457.875.000** |
| 3.2 Неповратно учество во финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби | **124.875.000** |
| 3.3 Неповратно учество за финансирање на проекти за развој на селата | **124.875.000** |
| 3.4 Неповратно учество за финансирање на проекти за развој на урбани подрачја | **124.875.000** |
| 3.5 Исплата на средства за плаќање на придонесите за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување за лица кои имаат стекнато право на плаќање | **1.400.000** |

“

Член 3

Членот 4 се менува и гласи:

„Средствата од член 2 точка 3 потточки 3.1, 3.2, 3.3 и 3.4 од оваа програма ќе се користат за финансирање на активности за поттикнување рамномерен регионален развој во 2021 и индикативно за 2022 година.“.

Член 4

Членот 5 се менува и гласи:

„Средствата од член 2 точка 3 потточка 3.1 од оваа програма во износ од 457.875.000 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на планските региони, врз основа на предложени проекти од советите за развој на планските региони.“.

Член 5

Членот 6 се менува и гласи:

„Средствата од член 2 точка 3 потточка 3.2 од оваа програма во износ од 124.875.000 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби, на предлог на Советот за рамномерен регионален развој, во согласност со член 52 став (5) од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/21).“.

Член 6

Членот 7 се менува и гласи:

„Средствата од член 2 точка 3 потточка 3.3 од оваа програма во износ од 124.875.000 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на селата.

(1) За користење на средствата од став (1) на овој член од единиците на локалната самоуправа со седиште во град се должни да обезбедат учество од 50% од вредноста на одобрените проекти за развој на селата во нивниот состав.“.

(2) Единиците на локалната самоуправа со седиште во село немат обврска за кофинансирање на одобрените проекти.

Член 7

Членот 8 се менува и гласи:

„Средствата од член 2 точка 3 потточка 3.4 од оваа програма во износ од 124.875.000 денари ќе се користат за финансирање на проекти за развој на урбаните подрачја, на предлог на Советот за рамномерен регионален развој согласно член 52 став (5) од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/21).“.

Член 8

Членот 9 се менува и гласи:

„Средствата од член 2 точка 3 потточка 3.5 од оваа програма во износ од 1.400.000 денари ќе се користат за исплата на придонесите за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување за лицата кои имаат стекнато право на плаќање заклучно со 31 декември 2007 година, согласно член 87 од Законот за рамномерен регионален развој и истите продолжуваат да го користат до остварувањето на правото на пензија согласно закон“.

Член 9

Во членот 10 „точка 3“ се менува и гласи „потточка 2.1“.

Член 10

Членовите 11 и 12 се бришат.

Член 11

Во членот 13 „точка 2 потточки 2.1, 2.2, 2.3 и 2.4“ се менуваат и гласат „точка 3 потточки 3.1, 3.2, 3.3 и 3.4“.

Член 12

Во членот 15 „точка 2 потточки 2.1, 2.2, 2.3 и 2.4 и точка 3“ се менуваат и гласат „точка 2 потточка 2.1 и точка 3 потточки 3.1, 3.2, 3.3, 3.4 и 3.5 “.

Член 13

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-4509/1
13 април 2021 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Артан Груби,** с.р.